**Предлагач:** Група пратеници

**Д О: ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА С. МАКЕДОНИЈА**
**г. Африм Гаши**

Врз основа на член 72, ставови 1 и 2 од *Уставот на Република С. Македонија* (1991) и чл. 47 од *Деловникот на Собранието на Република С. Македонија* (Сл. Весник на РМ бр. 248/2023), ја поднесуваме следнава

# И Н Т Е Р П Е Л А Ц И Ј А

## ЗА РАБОТАТА НА МИНИСТЕРОТ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ – ПАНЧЕ ТОШКОВСКИ

Министерството за внатрешни работи (во понатамошниот текст скратено: МВР) игра клучна улога за одржување на јавната безбедност, заштита на правата на граѓаните и спроведување на законите. Тоа, со својата работа, треба да ја обезбеди **безбедноста на граѓаните**, да спречува извршување на кривични дела и да делува на терен како „орган на прогон“, создавајќи ред во општеството; должно е да соработува со судскиот и обвинителскиот систем во откривање криминал, собирање докази и апсење на осомничени, што е основа за ефективно спроведување на правдата. Додека, креирањето транспарентност и одговорност во работењето на полицијата (униформирана и тајна) е од суштинско значење за изградба на доверба меѓу полицијата и граѓаните, што помага во создавање безбедно општество.

Со оглед на сите овие аспекти, МВР е неопходно за стабилноста, сигурноста и правдата во општеството и во државата, бидејќи без неговото функционирање, секоја држава би била изложена на хаос, криминал, мафијаштво и бандитизам. За исполнување на својата цел клучна е работата на министерот, како иманувано лице во Владата на РМ, кој треба да воспостави механизми на **професионализам** и контрола над спроведување на законите. Во спротивно, како прв човек на една од најважните институции на безбедносниот систем, тој сноси морална, политичка и претпоставена правна одговорност за неуспехот во обезбедувањето на општествената сигурност.

Министерот Панче Тошковски, кој е на **позицијата министер** повеќе од една година наназад, од јануари 2024 година во т.н. „техничка Влада“, а подоцна – по *Парламентарните избори 2024* – и реизбран во новоизбраната политичка Влада составена од кадри на ВМРО-ДПМНЕ, ВРЕДИ и ЗНАМ до денес, наместо да гради мост на доверба помеѓу граѓанскиот сектор и полицијата и да воспостави механизми за доследно почитување на законите, го следат низа несовесни, непрофесионални, а згора на тоа и противзаконски дејствувања, скандали и кадровски промашувања. За неговиот морален хабитус доволно говори и фактот што тој досега не се ни осмели да понуди ОСТАВКА од морални причини, нешто што го сторувале повеќе македонски министри пред него, во ситуации на вакви хаварии и колективни несреќи!

Во времето на министерот Панче Тошковски – во јавноста попознат и како „адвокатот на урбаната мафија“ – МВР го следат низа **афери** поврзани со непостапување, еклатантни пропусти во работењето и серија коруптивни дејствија поврзани со високи функционери и раководни лица во Министерството.

Од тие причини, ние како пратеничка група на Левица, ја поднесуваме оваа наша *Интерпелација за работата* на актуелниот министер за внатрешни работи **Панче Тошковски**, а истата ја засноваме на следниве индиции, факти и правно-релевантни наводи, кои детално ќе ги образложиме во продолжение:

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

## I
## ПРИЧИНИ ПОВРЗАНИ СО ТРАГЕДИЈАТА ВО КОЧАНИ

### 1. Кочани – „дискоштала“ без контрола

Трагичниот настан што се случи во Кочани (на кобната ноќ 16 март 2025 година), кој досега резултираше со 61 човечки жртви и околу 200 повредни лица, и како таков се карактеризира како една од најголемите трагедии во Европа од ваков вид – на површина изнесе мноштво вџашувачки, недозволиви и **сериозни системски пропусти** од страна на институциите и органите кои имаат законска надлежност да го регулираат, надгледуваат и контролираат функционирањето на угостителски објекти од ваков тип, особено во однос на безбедноста на јавните настани и употребата на пиротехнички средства. Во процесот на отпочнување со работа на дејност каква што вршело правното лице „Пулс“, како и редовна контрола над законитоста во работењето, вклучени се повеќе органи од кои се потребни одобренија и согласности. Соодветните институции, како Министерството за внатрешни работи (МВР), Министерството за економија, Државен пазарен инспекторат (ДПИ), Управа за јавни приходи (УЈП), Дирекција за заштита и спасување (ДЗС), локалните власти (градоначалник на општина), инспекциските органи (републички и општински), Бирото за јавна безбедност (БЈБ), полициските станици и други – се задолжени да вршат редовни контроли, да издаваат потребни дозволи, да ги регулираат условите за безбедност и да преземат мерки за спречување на злоупотреби.

Сепак, сѐ до случувањето на трагедијата во Кочани, континуирано подолг временски период не биле преземени навремени и одговорни дејствија од мноштво надлежни јавни органи, особено во делот на **контрола на безбедноста на објектот**, но и покрај тоа истражните органи сѐ уште ги немаат вклучено сите лица кои се актуелно обврзани за вршењето на контола и надзор над работата на објектот на денот на критичниот настан, што сериозно го нарушува концептот на праведност и објективност во истрагата. Согласно чл. 21, ст. 1, ал. 4 од *Законот за угостителска дејност* (Сл. весник на РМ бр. 62/2004), кој досега е менуван дури 15 пати, МВР дава СОГЛАСНОСТ за објектот дека ги исполнува условите за заштита на јавниот ред и мир + за безбедност во

сообраќајот [паркинг простор и сл.]. Но, покрај оваа изрична законска надлежност, Министерството со кое раководи Панче Тошковски има и дополнителни ингеренции за дискотеки и кабарињa - и тоа: (а) проверка на работно време; (б) проверка на гласност и бучава; (в) проверка на присуство на малолетници после полноќ; (г) проверка за точење алкохол и употреба на наркотични супстанци и др. Argumentum a fortiori, одговорноста на министерот Тошковски се зголемува знаејќи го фактот дека тој е министер на МВР од јануари 2024, а фалц-лиценцата за диско-клуботе обновена во март 2024 год. – што значи токму во времето на неговото министерување!

Од досегашниот тек на предистрагата и истрагата произлегува сериозен и **разумен сомнеж** во однос на селективноста и изборот на тоа кои функционери и носители на јавни функции ќе им се припишува одговорност и ќе бидат изведени пред лицето на правдата. На пример, во истрагата се вклучени речиси сите бивши функционери од Министерството за економија, Државниот пазарен инспекторат и други органи – но, симптоматично, не се вклучени актуелните носители на функции во истите овие институции (!?), вклучувајќи ги и одговорните лица од МВР, со исклучок на актуелниот градоначалник во оставка на Општина Кочани.

Иако **актуелните функционери и одговорни лица**, кои во претходно набројаните органи се скоро една година на својата функција и во тој изминат период се исто толку надлежни и примарно одговорни за тековното правилно спроведување на законите од областа на безбедноста и регулативата поврзана со работењето на илегалниот угостителски објект, сепак истрага против овие лица не е отворена и не се преземени никакви безбедносни мерки за нивна достапност, од причини непознати за јавноста! Овие лица, кои се активно одговорни за спроведување на позитивните законски прописи и за теренската контрола во однос на безбедноста и дозволите за работа на угостителскиот објект in concreto, не презеле навремени соодветни мерки и пропуштиле да ги истражат и санкционираат неправилностите поврзани со работењето на „диско-шталата“.

Тука особено алудираме на одговорните лица од **ОВР Кочани, СВР Штип и Бирото за јавна безбедност**. Имајќи предвид дека во јавноста протекоа информации за поднесени пријави против угостителскиот објект во ОВР Кочани и СВР Штип за „нарушување на јавен ред и мир“, од нивна страна предметите се заташкувани и свесно не се преземало дејствија, спротивно на *Законот за полиција* (2006). Па така, нејасно и индикативно е изоставањето од истрагата на актуелната началничка во ОВР Кочани Марија Цветковска Маневска и началникот на Одделот за криминалистички работи во Кочани, Томо Донев – кои на функцијата биле повеќе од една година (а овој последниов е сликан и во партискиот штаб на ВМРО-ДПМНЕ ОК Кочани)!?

Понатаму, прерипани се и одговорните лица кои требало да водат **евиденција за давање одобренија за употреба на пиротехнички средства**, кои одобренија иако се издаваат на барање на лицето кое го приредува настанот, сепак овие лица од ОВР Кочани требало да реагираат доколку не постоело вакво одобрение, од причина што Кочани е мал град каде лесно се шират информации, а од видеа на социјалните мрежи јавно познато било дека и на претходни настани организирани во објектот се користело пиротехника, па доколку не постоело дозвола издадена од страна на ОВР Кочани, истите биле должни да преземат службени дејствија за изрекување на мерки и глоби кон

организаторот на настанот, по утврдената фактичка состојба за незаконска употреба на пиротехника.

Таквите задолженија директно доаѓаат пред сè од *Законот за прекршоците против јавниот ред и мир* (2007) според кој **МВР е должен да изрече глоби** за неовластена употреба на пиротехнички средства или сличен експлозивен или лесно запалив материјал; или, пак, доколку не се преземени мерки за безбедност, воедно и да ги одземе предметите кои нелегално се користат (членови 31, 32 и 37 од *ЗППЈРМ*, како и чл. 33 *Законот за промет на експлозивни материи*).

Нејасно е зошто е изоставена од истрагата главната инспекторка за економски криминал во ОВР Кочани – Кристина Јованова, која и покрај фактот дека објектот само неколку месеци пред тоа бил казнет од страна УЈП поради неиздавање фискални сметки, и покрај нерегуларностите во работењето и начинот на обезбедување на потребната документација, не презела мерки на истрага против овој објект. Но, симптоматично е и „амнестирањето" на сменоводителот на критичната ноќ Драган Петрушев, кој и покрај јавно познатите информации дека таа вечер во објектот се организира јавен настан – концерт, не презел мерки за контрола на објектот и обезбедување на јавниот ред и мир во истиот, поради што во диското се нашле и **малолетници**, а исклучително е одговорен за неодговорното постапување на дел од полициските службеници кои се нашле на местото на настанот и одбиле да преземат дејствија за укажување на неодложна помош и заштита на настраданите лица, иако тоа биле службени дејствија кои морале да ги преземат!

Нејасна е причината и зошто од страна на МВР ноќта на настанот, и покрај тоа што **настанот не бил пријавен**, за полицијата и било познато и од страна на ОВР Кочани, СВР Штип и БЈБ било предвидена „рација" во објектот, при вршење на рацијата за присуство на малолетници и нелегална продажба на психотропни супстанции во објектот – иако сите акции на МВР се унифицирани согласно *Стандардна оперативна процедува* (СОП), истата била вршена без мешовити тимови, т.е. без координација и без присуство на лица од Трудов инспекторат, инспектори од УЈП и Државен пазарен инспекторат (заб. во другите градови во државата, полицијата била придружувана од овие лица) кој, впрочем, е и надлежен при констатирани неправилности кои очигледно постоеле (бидејќи објектот бил без/со истечена лиценца) веднаш да го затвори, т.е. „пломбира" објектот! И ова е еден круцијален момент што доколку се случел можеби никогаш немало да настане ненадоместливата трагедија која однесе цела генерација млади животи.

Поради ова, логично е да се постави прашањето: зошто не се вклучени овие актуелни функционери во истрагата, иако баш тие поименично имале **директна надлежност** да постапат и да реагираат, во моментот кога настанот се случил? Па така, доколку во истрагата се вклучени бившиот министер за економија, бившата државна секретарка во Министерството за економија, поранешниот директор на ДПИ (поради пропусти кои ги направиле при издавањето на дозволите, одобренијата и лиценците за работа на објектот) – нејасно е поради кои причини во истрагата не се вклучени и актуелните носители на овие функции, како и бившите и сегашните функционери од сите надлежни институции во процесот на издавање на дозволи, согласности, одобренија и надзор над работата на угостителскиот објект – кабаре?

Така водената истрага легитимно ја доведува во прашање објективната одговорност во случајот, а крајниот резултат може да се оцени како **селективна правда**. Министерот и Министерството за внатрешни работи имаат директна и недвосмислена т.н. „командна“ одговорност за пропустите и неактивноста при [не]постапување во врска со трагичниот настан во Кочани! Селективниот пристап во истрагата, како и одбивањето да се вклучат актуелни функционери од органите што биле надлежни во овој случај – кои преку омисивни дејствија на пропуштање не си јаработеле работата за која се платени од буџетот – укажува на длабински и сериозни проблеми во владеењето на правото и гарантирањето на јавната безбедност.

Министрите и други високи функционери одговорни за одредени институции кои не реагирале на пропустите, треба да се повикаат на одговорност за се спречи понатамошната **злоупотреба на функциите** од страна на власта, со цел владино прикривање (англ. *cover-up*) и попречување на правдата преку заштита на своите сопартијци и неспособните партиски полтрони.

## 2. Нелегална употреба на пиротехника

МВР има клучна улога во обезбедувањето на јавната безбедност, вклучувајќи и строг надзор над производството, складирањето, употребата и трговијата со **пиротехнички средства** и експлозивни материјали, што е регулирано со повеќе закони. МВР има широки и ексклузивни надлежности да врши целосна контрола и евиденција во однос на пиротехничките средства во земјава! Според *Законот за заштита од експлозивни материи* (1978), МВР има законска обврска да води евиденција за издадените одобренија за набавка на пиротехнички средства [чл. 41 од ЗЗЕМ]; како и да издава одобренија за нивно користење, складирање и производство, согласно прописите. Понатаму, во согласност со чл. 33 од *Законот за промет на експлозивни материи* (1985), токму МВР е овластено да контролира и да забрани натамошно ракување со пиротехнички средства од лица кои не се соодветно стручно оспособени и лиценцирани; а, исто така, и да презема мерки за привремена забрана на било какви дејства поврзани со овие средства, доколку не се исполнети пропишаните законски услови за безбедност.

Во случај на несреќа или незаконска употреба на пиротехнички средства, МВР има должност да преземе одговорни мерки – вклучувајќи истрага, издавање на забрани и одземање на експлозивните материјали од неовластени лица! Сепак, по трагичниот настан во Кочани, кој беше предизвикан токму од илегална и несоодветна употреба на пиротехнички средства во затворен простор, се појавија сериозни пропусти во извршувањето на овие обврски од страна на надлежното МВР.

Од релевантните информации кои се појавија во медиумите во изминатиов период во врска со ужасната трагедија во Кочани, произлезе дека во објектот и на претходни настани била користена пиротехника, отворени огнови и други запаливи материи – но, непозната е информацијата дека МВР поседува некаква **евиденција за издадени одобренија за набавка и употреба на експлозивни материи** во објектот на тие претходни настани!? Иако, одобренијата се издаваат на барање на лицето кои ги набавува или пак употребува, сепак доколку не постоеле вакви барања, МВР по

„допрен глас“ од страна на јавноста било информирано и требало да постапи согласно чл. 33 од цитираниот *Закон за промет на експлозивни материи*, при што требало и морало да забрани понатамошно ракување со експлозивни материи! Но, и покрај јавно достапните информации дека во објектот често и речиси секојдневно се користат различни пиротехнички средства, и покрај тоа што МВР лесно можела да провери од својата евиденција за издадени одобренија за набавка, дали во објектот пиротехниката се користела или не согласно закон – МВР не презела буквално ништо, никакви конкретни мерки и активности, ниту пак извршила соодветна контрола и надзор врз евиденцијата за издадените одобренија за набавка и употреба на пиротехнички материјали, за што имала изрично овластување да го стори тоа.

Со ова, Министерството не само што не ги исполнило законските обврски, туку ја довело во прашање својата **компетентност и професионалност** во спроведувањето на надзорните активности кои се основни за безбедноста на граѓаните! Дополнително, министерот Панче Тошковски, како највисок одговорен функционер за раководење со Министерството, не презеде никакви конкретни дисциплински санкции за неисполнување на службените должности од страна на неговите подредени. Во случајот со трагедијата во Кочани, министерот Тошковски не ја исполни својата основна одговорност да обезбеди навремено и ефикасно спроведување на законите кои се однесуваат на пиротехничките материјали и да ги санкционира надлежните лица за нивните пропусти. Овој неуспех или немарност во преземање на дејства за санкционирање на директно одговорните лица, со име и презиме, покажува сериозен недостаток на лидерство и несоодветно менаџирање на системот на јавната безбедност од страна на дотичниот министер.

Со оглед на тоа што МВР не презеде соодветни мерки за спречување на неовластената употреба на пиротехнички средства и не ја искористи својата законска надлежност за да го спречи опасниот промет, одговорноста за овие пропусти директно лежи на министерот Панче Тошковски, без никаков простор за извинувања и правдања! Неговото неодговорно управување со ресорот и недостатокот на мерки за подобрување на безбедносната состојба укажуваат на сериозни пропусти во спроведувањето на основните императивни должности на Министерството, што директно го загрозува **достоинството и безбедноста на граѓаните**. Во светло на горенаведеното, министерот и Министерството мора да бидат одговорни за неуспехот да се обезбеди јавната безбедност во согласност со законските прописи. Овие големи и неопростиви пропусти не само што ја загрозуваат безбедноста на граѓаните, туку и го нарушуваат угледот на институцијата која има задолжение ex lege да го гарантира правото на безбедност за сите граѓани.

## 3. НЕУКАЖУВАЊЕ ПОМОШ ОД СТРАНА НА ПОЛИЦАЈЦИТЕ (ИЗЈАВИ ОД ДЕЦАТА)

„Укажувањето помош“ и „заштита на граѓаните во случај на неопходна потреба“ е една од основните **полициски работи** (чл. 5, ст.1, ал.9 од *Законот за полиција*)! Оваа одредба ја дефинира обврската на полицијата да обезбеди помош во ситуациите кога граѓаните се изложени на непосредна животна опасност, било поради виша сила, природни непогоди или други несреќи и

хаварии. Законот за полиција, во чл. 6, предвидува дека полицијата има обврска да укажува помош на физички лица во спасување од такви несреќи и настани.

Согласно чл. 62, ст. 2 од цитираниот *Закон за полиција*, полицискиот службеник е должен да преземе соодветни мерки и активности за неодложно укажување помош на настраданите лица и отстранување на последиците од кривичното дело, прекршокот или настанот! Ова значи дека, по сила на закон, **полицијата е должна да реагира веднаш** и на лице-место да преземе мерки за спасување во сите ситуации, без оглед на тоа дали службеникот е на работа или не, т.е. полицискиот службеник е должен дури и надвор од работното време да преземе неопходни мерки согласно околностите на случајот, заради заштита на животот и личната сугирност на граѓаните (чл. 13 од ЗП и чл. 4 од *Законот за внатрешни работи*) – што ја нагласува важноста на брзото и ефективно дејствување на МВР во насока на осигурување на јавната безбедност и телесниот интегритет на личноста.

Сепак, сведочењата на жртвите, преживеаните и очевидците на трагичниот настан укажуваат на сериозни пропусти од страна на МВР и неговите службеници, во насока на ваквите задоженија. Според изјавите на дел од повредените настрадани лица, дел од полициските службеници кои се затекнале и биле присутни на местото на несреќата не само што **одбиле да им помогнат на заглавените жртви**, туку и се дистанцирале и ги оставиле жртвите сами да се спасуваат, што е врв не само на напрофесионализам, туку и на нечовечност! Со зборовите „не бива", се отргнувале и пасивно гледајќи отстрана, ги оставиле настраданите лица сами на себе, без да се обидат да им пружат неопходна помош во клучен момент. Ова е јасен прекршок на нивните службени обврски и ја потврдува сериозноста на пропустите во професионалното дејствување на полициските службеници.

Овој вид на неактивност и неодговорност од страна на полицајците не само што претставува кршење на нивните службени должности, туку е и нехумано однесување што сериозно го поткопува основниот принцип на полицијата – да обезбеди заштита на животите и безбедноста на граѓаните! Ова претставува сериозен сигнал дека дел од вработените во МВР не поседуваат елементарни познавања на своите законски обврски, што ја доведува во прашање стручноста и професионализмот на кадарот со кој располага Министерството (кое има околу 12.000 вработени).

Министерот за внатрешни работи, Панче Тошковски, како одговорен на целокупното функционирање на МВР, има директна одговорност за начинот на функционирање на полицијата и за обезбедување на **професионални стандарди**. Овие пропусти во професионалната едукација, наобразба и обука не може да се оправдаат, особено во контекст на неговата долгорочна функција и неговата обврска да ги обезбеди неопходните мерки за унапредување на стручноста и етичноста во полицијата. Наместо да реагира навремено и во периодот од повеќе од една година како е на функцијата, период повеќе од доволен да преземе соодветни реформски мерки за подобрување на состојбата во МВР, министерот Тошковски се задоволи со разрешувањето на неколку раководни лица поради наводно „нестручно и коруптивно работење" – што, пак, ни оддалеку не ја решава основната проблематика на неефикасноста и нестручноста која се покажа на терен кобната вечер.

Министерот Тошковски, како највисок претставник на МВР, е одговорен за неспособноста да воспостави механизми за професионално управување со кадарот и за обезбедување на адекватна обука и службена етика на полицајците. На места каде што беше нужно веднаш да се реагира и да се обезбеди спасување човечки животи, министерот не обезбедил соодветни услови за полицијата да ги исполни своите основни обврски. Преземањето на конкретни мерки за заштита на животите и личната сигурност на граѓаните, како и воспоставувањето на стручни стандарди, претставува клучна должност на министерот, која за жал и на очиглед на сите не беше исполнета.

Заклучокот кој произлегува од оваа ситуација е дека министерот Тошковски и МВР не успеаја да ги исполнат своите **основни правни обврски и примарни задолженија** кон граѓаните и нивната јавна безбедност. Оттука, самото тоа што министерот нема преземено конкретни мерки за зајакнување на професионализмот и етиката во полицијата, а имал доволно време за тоа, и истовремено докажа дека не воспоставил механизам со кој ќе осигури дека ќе се спроведуваат законските должности за итна помош и заштита на граѓаните, ја доведува во прашање неговата компетентност како раководно лице на оваа клучна институција. Одговорноста на министерот и Министерството за ваквите пропусти е недвосмислена и повлекува сериозни последици за граѓанската безбедност и угледот на полицијата во очите на разочараните граѓани.

## 4. Непроцесуирани закани на Фејсбук упатени кон критичарите на власта

Трагедијата во Кочани која ја потресе цела Македонија и погоди невини лица, како резултат на системски пропусти и доминантната корупција во институциите, ги откри најдлабоките рани на државниот систем и ја изнесе на површина неговата неспособност за навремено и адекватно делување. Во моментите на колективна тага, шок и траума, јавноста беше сведок на дистрибуција на невистинити информации и закани, особено на социјалните мрежи, каде се ширеа неосновани обвинувања и се правеше **оркестриран јавен линч и партиски хајки против неистомислениците на власта**, со грозен говор на омраза и повикување на насилство врз критичарите на властодршците! Преку овие манипулации, трагедијата се искористи за поттикнување на злоба, пизма и насилство, а примитивни поединци од ВМРО-ДПМНЕ, охрабрени од неказнивоста на нивната „партиска милиција“ беа водачи на жигосувањето и оцрнувањето насочено против млади студенти, на кои отворено им се закануваа по животот и телото, само поради искажан бунт, бес, гнев и револт против пропустите на државните органи кои придонесоа да се случи несаканата трагедија и повикот за мирен протест кој беше не само чин на револт, туку и апел за одговорност и за коренити промени кои ќе гарантираат нивната безбедност во иднина.

Сепак, оваа храбра и достоинствена активност беше директно нападната на социјалните мрежи, со насилни закани, навредливи етикетирања и напади на нивната лична безбедност (животот и телото). Овие дејствија не само што ја нарушија **јавната безбедност**, туку ја поткопаа и стабилноста на социјалниот систем во целина, затоа што тие денови никој не се чувствуваше сигурен ако не е дел од јатото на властелините и нивните орди на пцујачи, тепачи, пајташи, силеџии и рекетари!

Во вакви екстра-сензитивни околности, МВР, како главен извршен орган одговорен за обезбедување на животот и сигурноста на граѓаните, имаше законска обврска ***ex officio* да реагира** и да преземе мерки за спречување на заканите по животот и телото на граѓаните, како и да ги санкционира лицата кои отворено, неказниво и бескрупулозно шират отровна омраза и повикуваат на насилство, без оглед на политичката припадност! Наместо тоа, Министерството не само што не ја изврши својата основна заштитна функција, туку не презеде никакви мерки за спречување на омразата која беше активно поттикнувана на социјалните мрежи, а со тоа потфрли во исполнување на една од најважните надлежности кои ги има – „заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните" и „спречување на вршење на кривични дела" (чл. 5, ст. 1, ал. 1 и 3 од *Законот за полиција*). Ова е намерен, смислен, сериозен и кардинален пропуст, а фактот што МВР не презеде соодветни оперативни мерки за да се запре ширењето на омраза и насилство преку социјалните мрежи, потврдува дека во овој случај институцијата не само што не успеала да ја исполнува својата примарна функција, туку и самата ја довела во прашање безбедноста на граѓаните. Во ситуација кога заканите по животот на граѓаните и ширењето на вербално и физичко насилство се сериозни кривични дела, неактивноста на МВР дополнително ја поткопува довербата во неговата способност да ги заштити основните права на поединците и да одговори на предизвиците со кои се соочува државата во такви несекојдневни кризни моменти.

Доколку МВР продолжи да ги игнорира своите одговорности и да не презема брзи, одлучни и неопходни процесни мерки во вакви критични моменти, тоа само ќе ја потврди неспособноста на актуелниот министер да гарантира јавна безбедност. Неспособноста на Министерството да реагира навремено во ситуација на широка општествена тензија и неконтролирано насилство излеано преку социјални мрежи е сериозен сигнал за неговата очевидна неспособност да управува со кризните ситуации и да обезбеди предвидливост и стабилност во државата.

Дополнително иритира парадоксалниот факт што МВР под Ваша контрола експресно има поднесено дури четири **кривични пријави против кочанчани** – за наводно сторено кривично дело „Организирање на отпор", како дело против јавниот ред казниво по чл. 387 од Посебниот дел на *Кривичниот законик* (1996) за кое е запретена максимална затворска казна од пет години, додека актуелни одговорни вмровци – како директорот на ДПИ Влатко Стојкоски се на слобода и никој не ги повикува на распит. Згора на сè, поднесена е и една контроверзна кривична пријава против опозициски активист за наводно сторено кривично дело „Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем" казниво по чл. 394-г од КЗ, што прави т.н. секундарна виктимизација на сограѓаните на загинатите младинци кои минуваат низ најтешкиот период од поновата историја на градот!?

## 5. ЗАБРАНА ЗА ДРОНОВИ СО ЦЕЛ ЗАДУШУВАЊЕ НА ПРОТЕСТИТЕ

Додека владее јасната потреба за стабилност на Републиката, нема основа да се жртвуваат основните демократски принципи и права на граѓаните, како што е **правото на мирен протест** загарантирано во Уставот! Министрите и институциите треба да обезбедат вистинска заштита и да

ја гарантираат безбедноста на сите граѓани, без оглед на нивната политичка припадност. Наместо тоа, актуелното раководство на МВР се чини дека лукаво го потиснува гласот и бесот на граѓаните кои бараат одговорност, за да не се изложи Владата на критика и да се избегне одговорноста на актуелни високи јавни функционери кои се апла заштитени од власта.

После неуспешното демонизирање на организаторите и учесниците на антивладините протести, кога река млади луѓе излегоа на улиците да демонстрираат против корумптивниот систем и клиентелизмот на големите партии, МВР веднаш се здаде да **го саботира протестот**! Па така, на ден 18 март 2025 година, МВР неблаговремено и задоцнето информираше дека Агенцијата за цивилно воздухопловство донела забрана за летање со дронови на територијата на градовите Кочани и Штип!? Истиот ден во Скопје и во повеќе градови во Република Македонија, со симболичен почеток во 17:59 часот, се одржаа масовни протести на кои се оддаваше почит за загинатите во Кочани, а по завршувањето на МИРНИТЕ протести со молк, во медиумите се обзнани дека новинарски екипи на ТВ 21 и на Ројтерс биле повикани на службен разговор во ПС „Центар“ затоа што за време на протестот во Скопје, на кој се оддаваше почит за загинатите во Кочани, снимале со мал дрон, а за тоа немале дозвола!? Од истите причини во полиција беа приведени и новинарски екипи и на протестот во Кочани. Оваа забрана, како што беше соопштено од МВР, била воведена поради наводни „безбедносни и оперативни причини“, иако од авион се гледа проѕирната зла намера за затскривање на вистинската бројка на млади луѓе кои излегоа на протестите ширум Македонија.

Согласно *Правилникот за воздухоплови без екипаж* (чл. 7, ст. 1), одредени зони можат да бидат ограничени поради безбедност, обезбедување или други важни причини, но ваквите одлуки, мора да бидат прецизно дефинирани и јавно достапни НАВРЕМЕНО – за јавноста и сите релевантни засегнати страни, како новинари и граѓани, да бидат соодветно информирани пред настанувањето на било какви последици од нив! Општата примена на **забраната за летање дронови**, без претходно известување, врз територијата на цел град, како во овој случај, не е во согласност со постоечката регулатива, од причини што забраната за користење на дронови беше официјално објавена пред 20:00 часот на 18 март 2025 год., речиси два часа откако протестот веќе беше започнат – а ниту граѓаните, ниту новинарите не беа известени и запознаени со оваа забрана! Со оглед на тоа што протестите веќе беа започнати, а забраната за летање со дронови беше официјално соопштена повеќе од два часа по нивното започнување, логички и легитимно се поставува прашањето за навременоста и транспарентноста на овој дубиозен и неморален акт, но и нечесните мотиви кои стојат зад неа, бидејќи се создава впечаток дека е донесена со цел да се ограничи медиумската покриеност и правото на граѓаните да изразат оправдан револт.

Понатаму, истата пракса продолжи и на ден 24 март 2025, за кога според информациите кои се ширеа на социјалните мрежи беше најавен **МИРЕН протестен марш** од страна на граѓани, заради изразување на почит кон жртвите и револт против системските пропусти кои доведоа до трагичниот настан во Кочани. Тој ден, буквално на неколку минути пред започнување на најавениот мирен протестен марш, од страна на МВР беше повторно известено на социјалните мрежи дека Агенцијата за цивилно воздухопловство (АЦВ) е поставена забрана за вршење на било какви

операции на беспилотни летала / дронови на територијата на Скопје и тоа овојпат не на целата територија, туку на СЕЛЕКТИВНО (точно на одредените локации каде што претходно веќе беше најавена маршрутата на протестниот марш) и тоа: 1. Плоштад „Македонија“; 2. Улица „Димитрие Чуповски“; 3. Булевар „11-ти Октомври“ пред Собрание на РМ; 4. Улица „Филип Втори“; 5. Булевар „Гоце Делчев“ до булевар „Илинден“; и 6. Пред Влада!!! Проблемот овде не е само во самото ограничување, туку во фактот дека истото беше соопштено на јавноста кратко пред почетокот на протестот. Селективно таргетираните локации, овојпат можеби беа прецизно дефинирани согласно прописите, но повторно НЕНАВРЕМЕНО ДОСТАПНИ ЗА ЈАВНОСТА, ни помалку ни повеќе неполн час пред протестниот марш – а истите беа неслучајно одбрани (поради многубројната народна излезеност), со цел превентивно да се спречи упатување на критики кон МВР преку делегитимирање на истиот како божем „незаконски“.

Оваа ненавремена и селективна примена на забраните создава оправдан впечаток на **политичко манипулирање**, со перфидна цел да се намали бројот на новинарски извештаи и фотографии кои би ја илустрирале бројноста на протестот, како и да се прикаже слика дека протестите не се поддржани од значителен дел од јавноста. Министерот Панче Тошковски, како врвно одговорен за функционирањето на МВР и неговите подредени органи во состав, има законска и морална обврска да осигура дека мерките кои се преземаат од страна на Министерството се во согласност со Уставот, законите и меѓународните стандарди за правата на граѓаните. Како што е предвидено во чл. 16 од *Уставот на Република Македонија* (1991), слободата на изразување и правото на мирни протести се темелни права кои не можат да бидат ограничувани без законска основа и без соодветно правно оправдување. Со таквите постапки, кои вклучуваат умислено ненавремено информирање за забрани кои влијаат на правото на новинарите да известуваат и обиди за делигитимирање на правото на граѓаните на мирни протести, министерот Тошковски ја нарушува транспарентноста на институциите и го ограничува правото на слобода на изразување и мирен протест. Примената на селективни забрани, кои се во сила само на конкретни локации каде се очекува голема излезеност, дополнително ја нарушува веродостојноста, кредибилитетот и легитимноста на постапките на Министерството.

Преку ваква **злоупотреба на ингеренциите**, МВР не само што ги наруши правата на граѓаните на слободен протест, туку и ги ограничи правата на новинарите да вршат своја професионална дејност без страв од репресија! Министерот Тошковски е одговорен за оваа состојба, бидејќи тој, како главен носител на извршната власт во МВР, е одговорен за сите неправилности и несоодветни постапки на органите кои го чини Министерството. Во светло на овие настани, одговорноста на министерот Тошковски е јасна: преку незаконски, ненавремени и селективни забрани, кои имаат за цел да ја контролираат медиумската и јавната слика, МВР ја поткопа основната функција на институцијата — да ја гарантира безбедноста, јавниот ред и мир, како и правото на граѓаните непречено да го изразуваат својот револт и незадоволство од јавните политики. Воведувањето на вакви контроверзни, таргетирани, ненавремени и селективни забрани на територијата на главниот Град Скопје и постапувањето на МВР со новинарските екипи повикани на „службен разговор“, единствено може да се толкуваат како дејствија на цензура, која е стриктно забранета со *Уставот на РМ* (чл. 16) – за што министерот кој е предмет на оваа интерпелација, во

својство на одговорен функционер, треба да сноси одговорност за неодговорната и дискриминаторска примена на законските одредби од страна на Министерството со кое раководи.

II

ДРУГИ ПРИЧИНИ ЗА ИНТЕРПЕЛАЦИЈА – НЕПОВРЗАНИ СО ТРАГЕДИЈАТА ВО КОЧАНИ

### 6. УАПСЕНИ ГРАЃАНИ ВО ГОСТИВАРСКО КОИ ЧИСТЕЛЕ СТАРА ЦРКВА

Во текот на месец септември 2024 година, во атарот село Галате – Општина Врапчиште граѓани кои ја чистеле запуштената селска црква и истата ја реставрирале со самопридонес, се апсени и приведени со марица од страна на десетина полицајци, претежно од албанска националност, за наводна узурпација на земјиште и вршење „недозволени градежни работи“, по што ударната акција на локалните жители е **насилно запрена и прекината** – со потенцијал да предизвика несакани меѓуетнички тензии.

### 7. НЕПОСТАПУВАЊЕ ПРИ ПАЛЕЊЕ НА МАКЕДОНСКОТО ЗНАМЕ

Полицијата под водство на министерот Тошковски суштински потфрли и во уште еден сензитивен случај на фанатичен сепаратизам и **антимакедонизам** – односно при палењето, газењето, кинењето и скверанвењето на државното македонско знаме во главниот град Скопје, пред очите на полицајците, за време на прославата на „Денот на албанското знаме“ (28 ноември 2024) – кога неснакционирано беше и рафално пукано од автоматско огнено оружје кое е забрането за цивилите и беше флагрантно нарушена јавната безбедност преку ноќно харање на вооружени разбеснети толпи на младинци кои предизвикуваа страв кај случајните минувачи и локалното население – попречувајќи го сообраќајот, демолирајќи автомобили, пцуејќи ги, навредувајќи ги, омаложувајќи ги, понижувајќи ги и тепајќи ги по етничка основа – а за цело време полицијата седеше со скрстени раце и беше нем посматрач на овие немили сцени и дивеења!

### 8. КРАЖБА НА МАРИХУАНА КОЈА ЈА ЧУВАЛА ПОЛИЦИЈАТА

Непотизмот и партиското вработување во МВР не само што доведоа до сериозни нарушувања на професионализмот во работата на оваа институција, туку и ја зголемија неговата ранливост на јавни скандали и непрофесионализам. Еден од најеклатантните примери за ова е скорешниот инцидентм кој се случи на 28 март 2025, кога запленетите **стебла канабис од фабрика** во село Радање (Општина Карбинци) беа украдени и покрај фактот што фабриката била обезбедувана и под полициска заштита од страна на службеници од ПС ОН – СВР Штип, од

5.03.2025 год.!? Овој чуден настан не само што го осветли нивото на непрофесионализам во редовите на МВР, туку и покажува колку е сериозно загрозена основната цел на Министерството – осигурувањето на безбедноста на граѓаните. Кога институцијата која има мандат да ја штити јавната безбедност не е способна да обезбеди дури ни места кои сама ги пази, чува и обезбедува (стражарски и/или патролно), тоа е доказ за длабински поткопаната сигурност и доверба во нејзината способност да ја гарантира колективната безбедност.

### 9. Телохранител на премиерот оддавал службени тајни на мафијаши

Дополнително, непрофесионализмот на МВР се потврдува и со случајот на **апсењето и притворањето на телохранителот на премиерот**, односно висок член на обезбедувањето на претседателот на Владата – Христијан Мицкоски, кој на 31 март 2025 година беше фатен на дело и уапсен на Велешко Езеро, поради оддавање тајни документи со ниво на класификација „Службена тајна“ за пари на мафијаш, припадник на картел!? Лицето кое било „самостоен инспектор“ доаѓало од редовите на т.н. Шеста управа (а потекнува од СВР Велес), ја компромитираше и ја стави во опасност личната безбедност на највисокото политичко раководство на државата, а со тоа уште еднаш ја потврди неефикасноста на системот за правилно селектирање и профилирање квалитетни кадри и поткопаните професионални стандарди во МВР, што ја наметнува неопходната потреба од „ветинг“ на полицајците! Такви настани не само што го девалвираат угледот на МВР, туку и ја доведуваат во прашање неговата способност да го заштити државниот врв.

### 10. Катастрофална кадровска политика – исполнета со непотизам и кронизам

МВР, како клучен орган задолжен за превенција и борба против криминалот, како и за спроведување на правдата, има обврска интерно да располага со стручен и неподмитлив кадар кој поседува достоинство, непоколеблив морал и чисто некриминално досие во секој поглед! Сите вработени во Министерството се обврзани да ги одржуваат **највисоките стандарди на личен интегритет**, професионална етика и посветеност на заштита на јавниот интерес (чл. 10 од *Законот за внатрешни работи*). Сепак, во контекстот на актуелните случувања, на површина излегува парадоксот дека МВР, наместо да ја спроведува правдата, се чини дека е во континуиран конфликт со сопствениот Етички кодекс. Вработувањата, често засновани на партиски заслуги, роднински врски и сомнителни минати дејства, ја поткопуваат довербата на народот во системот и го нарушуваат кредибилитетот на институцијата. Па така, наместо грижата и заштитата на јавниот интерес, во фокусот се вработувањата преку врски и незаслужените унапредувања, од кои лицата со криминално минато се на највисоки функции и истите треба да се „борат против криминалот“.

Проблематичните примери на вработувања и **сомнителен кариерен развој**, како што е именувањето на Сашо Петрушевски за државен секретар во Министерството, покажуваат сериозна непосветеност на министерот за внатрешни работи кон основните принципи на правдата. Јавно е

познато дека Петрушевски, како истакнат партиски кадар на владиниот коалиционен партнер ЗНАМ, поради своето криминално минато (како обвинет за местење тендери и финансиски злоупотреби), нема предуслови да биде олицетворение на вистинската борба против криминалот. Тоа, исто така, се потврдува со неговото учество во серија криминални активности, кои се чини дека не беа доволно испитани при неговото именување: Петрушевски во 2004 година, додека бил директор на ЈП ЕСМ Куманово, а во 2014 година додека бил директор на „Чистота и зеленило" Куманово – бил осомничен за злоупотреба на службената положба и злосторничко здружување, за сомнителни тендерски постапувања, а освен тоа бил тужен и од страна на вработени во институцијата која ја раководел за мобинг и психичко малтретирање и, како таков, нема кредибилитет да ја извршува важната функција „државен секретар на МВР"!

Натаму доаѓаат **партиските поставувања, роднинските и политичките врски** како фактори кои ја обликуваат главната кадровска политика во МВР. На пример, назначувањето на <u>Жарко Златески за командир на ПС Македонски Брод</u>, без никакви позначајни заслуги освен неговото роднинство со актуелна пратеничка од владејачката партија, е знак за систематскиот непотизам кој го држи Министерството под контрола на тесни фамилијарни интереси, наместо на професионализам и компетентност.

Во овој контекст, не може да се премолчат и **сомнителните кадровски решенија**, како што е поставувањето на <u>Оливер Дерковски за советник на министерот Тошковски</u>, лицето кое во минатото беше поврзано со контроверзи од типот на финансиски малверзации и злоупотреба на службената позиција во Државната изборна комисија (ДИК). А на очи на јавноста е и <u>СВР Велес</u>, каде нејасен е изборот на одредени началници. Понатаму, додека од опозиција се противеше, од позиција на власт министерот Тошковски <u>го вратил на позицијата командир на Полициското одделение Ропотово</u> контроверзниот командир кој стана познат на јавноста по објавено видео како неовластено пука од автоматска пушка, предизвикувајќи општа опасност по безбедноста на непосредно затекнатите граѓани!?

Сето ова дополнително го нагласува проблемот на **партиско-криминалната шема на вработувања** во МВР, кои поставуваат <u>лица со сомнително минато на раководни позиции</u> (командири + инспектори + началници) кои имаат клучна улога во одржувањето на јавната безбедност и праведноста. Оттука, министерот Тошковски, иако на формално ниво се декларира како противник на криминалот и непотизмот, се чини дека неговите дејствија и кадровските избори не се во согласност со тие декларации. Именувањето на лица со криминално досие, како и одлуките кои не ја почитуваат транспарентноста и етичките стандарди, ја доведуваат во прашање неговата способност да ги обезбеди безбедноста и правдата во земјата. Доколку оваа практика продолжи, сериозно ќе се поткопа довербата на јавноста во институциите кои се задолжени за заштита на јавниот интерес. Затоа, неопходно е МВР, со поддршка од министер способен за „менаџирање", да се обврзе на <u>строга селекција на кадри</u>, заснована исклучиво на професионализам, интегритет и правична проценка, без никакви политички или роднински влијанија.

Системот на правдата и безбедноста не смее да биде компромитиран од политички интереси и **голите лични амбиции на блиските луѓе** на корумпираниот министер. Еве само еден

пластичен пример за илустрација: цимерката-адвокатка на Тошковски, која дели иста канцеларија со него, по доаѓањето на власт на неговата партија – на локално и централно ниво – има разработена шема на фаворизирано „давање правни услуги“ со јавни институции, претпријатија и установи, со цел доаѓање до лесен екстра-профит и брза заработка, пеку прелевање на буџетски средства во приватни адвокатски канцеларии за услуги кои не се тендерираат.

*

Министерот за внатрешни работи **Панче Тошковски** не успеа да обезбеди соодветно и навремено справување со овие сериозни скандали и инциденти кои ја потресоа јавноста, па наместо да ја заштити безбедноста на граѓаните и интегритетот на државата, Министерството се соочува со сериозни прашања околу неговата базична способност да ги исполнува основните задачи за кои постои. Иако официјално се декларира како противник на непотизмот и криминалот, кадровските одлуки и неодговорното раководење со кризни ситуации сведочат за спротивното.

Тие примери и низата пропусти на министерот лично и на Министерството ја отвораат оправданата дилема: Дали МВР, под водство на актуелниот министер Тошковски, воопшто е способно да ја гарантира **уставната безбедност на граѓаните**? Институцијата која треба да биде основен столб на правниот поредок и безбедноста на државата, изгледа дека потонала во политички и кадровски игри кои не го гарантираат квалитетот и ефикасноста на службите кои се најповикани и најодговорни за безбедноста на граѓаните.

Министерот Тошковски, кој на функцијата е повеќе од доволно потребно време да се воспостави ред и професионална контрола, согласно претходно наведеното, безброј пати досега докажа дека **не поседува лични компетенции** да биде на функцијата која ја извршува и е лично одговорен за пропустите кои не смеат да се допуштат од страна на МВР!

* * *

Оттука, а имајќи ги предвид горенаведените причини, пратеничката група на Левица ја поднесува оваа *Интерпелација за работата на министерот за внатрешни работи – Панче Тошковски*, поради непочитувањето на уставните, законските и подзаконските одредби и бараме собранискиот мнозинство во целост да ја прифати истата, носејќи го подолунаведениов ***заклучок*** за изнесените наводи:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека наводите во Интерпелацијата за работата на министерот за внатрешни работи Панче Тошковски **се основани**.

2. Собранието утврди дека Панче Тошковски, како министер за внатрешни работи во Владата на Република Македонија, избран од страна на Собранието на РМ, имал значителен придонес во **загрозување на објективноста, професионалноста и угледот на полицијата** и придонел за падот на довербата на граѓаните кон полицијата.

3. Собранието обзнанува дека Министерот за внатрешни работи Панче Тошковски **грубо ја занемарил и несоодветно ја извршувал својата јавна функција** на која е именуван, постапувајќи

нестручно, несовесно, непрофесионално и неодговорно и затоа ги губи легитимитетот и довербата понатаму да го раководи овој важен безбедносен ресор.

4. Овој Заклучок **да се достави до Владата** на РМ и до нејзиниот актуелен претседател Христијан Мицкоски за понатамошно постапување.

**ПРАТЕНИЦИ:**

1. **Димитар Апасиев ____________________**

2. **Борислав Крмов _____________________**

3. **Реџеп Исмаил _______________________**

4. **Јована Мојсоска _____________________**

5. **Амар Мециновиќ ____________________**

6. **Сашко Јанчев _______________________**